Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 365/0306
16.09 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 10 септември 2019 година, врз основа на примена жалба од Вилдан Дрпљанин, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Изданието на отворената контактна емисија „Збор по збор“, емитувано на Телевизија Алфа на 26 август 2019 година, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 15.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 26 август 2019 година, Вилдан Дрпљанин поднесе жалба за изданието на отворената контактна емисијата „Збор по збор", емитувано на 26 август 2019 година на Телевизија Алфа (www.alfa.mk), на кое како тема за дискусија со гледачите беше поставено прашањето „Зошто владата на Заев се однесува „педерски" со Србија?".

Во жалбата се наведува дека со поставената тема/прашање во емисијата, медиумот навредува, шири говор на омраза и дискриминација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија Алфа и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 15.

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 10 септември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата веднаш утврди дека насловот на емисијата „Зошто Владата на Заев се однесува „педерски" кон Србија?" е во најмала рака недоличен и провокативен, во чија заднина се крие сензационалистички и манипулативен контекст.

Слободата на говорот е неприкосновена и секако, дека го вклучува правото на новинарите да критикуваат и иронизираат постапки на власта, во случајов, непримерната реторика на премиерот Заев. Но, јазикот на новинарот, никако не смее да излезе од границите на слободата на изразување, на начин, преку проблематизирање на одредени постапки, да се впушти во непримерна комуникација со јавноста и да наметнува сугестивно мислење, кое во себе содржи елементи, што можат да поттикнат и дискриминација по различна основа.

Новинарите и медиумите мора да бидат свесни за последиците и ефектите од своите зборовите и да внимаваат на нивниот избор, а нивниот јазик да биде одмерен и неутрален, наместо оној што носи готови заклучоци и судови. Новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него, тие ставови добиваат јавност.

Оттука, Комисијата најде дека во емисијата „Збор по збор“ со наслов ***„Зошто владата на Заев се однесува „педерски“ со Србија?“***, емитувана на 26 август 2019 година на Телевизија Алфа е прекршен Кодексот на новинарите во **членот 15**, според кој, новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката.

Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа. Овој принцип, секако, не би требало да го детерминира или ограничи на каков било начин правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување, се додека тој не е навредлив и непримерен за публиката.

* * *

**При своето одлучување Комисијата ја зеде предвид и:**

***Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите** (872 состанок од 12.02.2004 година), во делот што потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности, за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (член 8).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Алфа“ (www.alfa.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595